Здружение на финансиски работници
на локалните самоуправи и јавните претпријатија
Association of finance officers
of the local governments and public enterprises

Број: 0302-275
15.12.2025 година
В е л е с

До
Сектор/одделение за Финансии / Сметководство / Ревизија

**Предмет: Покана за работилница**

Почитувани,

Продолжувајќи ја повеќе од две и половина децениската традиција на организирање работилници за поддршка на процесите пред започнувањето на подготовката на финансиските извештаи / завршната сметка / годишната сметка, Здружението на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија со задоволство Ве поканува на еднодневна Online работилница на тема:

**„КОНТРОЛНИ ПОСТАПКИ ПРЕД ПОДГОТОВКАТА НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА И НОВИНИ ВО РЕГУЛАТИВАТА“**

Работилницата ќе се одржи **Online** на платформата **ZOOM** на **25.12.2025 год. (четврток)** со почеток во 09.30 часот. Учесниците на работилницата треба да бидат регистрирани на платформата **ZOOM** до 09.00 часот, за што непосредно пред почетокот на работилницата ќе добијат корисничко име (user name) и лозинка (password).

Работилницата е дизајнирана како интерактивен настан за размена на информации, добри практики, добивање насоки за постапување и одговори на отворени прашања. Таа го следи календарот на задолжителни активности во институциите од јавниот сектор, а воедно претставува продолжување на повеќе од две и половина децениската традиција на организирање работилници за спроведувањето на пописите на средствата и обврските.

Подготвувањето на завршната сметка / годишната сметка претставува многу важна активност со која се заокружува финансиското работење во текот на една деловна година. Поради тоа, од исклучителна важност се правилните подготовки за оваа активност.

Темите за работилницата се внимателно избрани и ги рефлектираат потребите и барањата за меѓусебно континуирано информирање, а учесниците на работилницата ќе имаат можност да разменат информации, искуства и добри практики за следните области:

- Новини во законска регулатива
- Примена на сметководствени принципи и начела при усогласување на фактичката со сметководствената состојба, презентирани преку примери
- Заклучни чекори пред изготвување на завршната сметка
- Контроли за навремено евидентирање на трансакциите
- Корекција на сметководствени грешки
- Пресметка и исплата на надоместоци согласно законската регулатива и даночен третман
- Амортизација и ревалоризација кај буџетски корисници и јавните претпријатија
- Данок на добивка.

како и други теми за кои ќе има интерес за дискусија.

Обезбедениот квалитетен експерт-практичар **дипл. екон. Бранислав Гулев**, со своето долгогодишно искуство во областа на финансиското работење во јавниот сектор, како и утврдените области кои се предмет на елаборирање на работилницата и долгогодишната соработка со вас претставува добра основа и мотивираност за ваше присуство.

**Надоместот (котизацијата) за учество на работилницата** е задолжителна за сите учесници на работилницата и изнесува **4.000 денари (со вклучен ДДВ)** по учесник со вклучени работни материјали во електронска форма кои ќе бидат доставени по електронски пат (по емаил) и сертификат за учество на работилницата.

Надоместокот за учество на работилниците можете да ја уплатите на:
**Здружение на финансиските работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија**
**Сметка 300270000017628 - Комерцијална Банка АД Скопје / или**
**Сметка 200000026137030 - Стопанска Банка АД Скопје**
**Даночен број МК 4004997107233**

Во функција на добро организирање на работилницата, Ве молиме навремено да го пријавите Вашето присуство во **Здружението на финансиските работници**. Вашите пополнети пријави за учество на работилницата ги очекуваме на емаил: kontakt_zfr@yahoo.com и zfrlsjpv@gmail.com

Формуларот Пријава за учество на работилницата и агендата се поставени на нашата веб страна https://zfr.org.mk/ За сите дополнителни информации обратете се во канцеларијата на Здружението на финансиски работници, на тел. 043/230-623, моб. 070/265-401; 071/335-930; 076/265-136 или преку наведените емаил адреси.

Ве очекуваме да ни се придружите и заедничко да ги разрешиме сите отворени прашања и дилеми поврзани со темите од работилницата.

Со почит,

**Извршен директор,**
**м-р Зоран Јанкуловски**